**20210310459**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 27/20), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 февруари 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/21) во делот I во воведната реченица износот „3.723.103.000“ се заменува со износот „ 3.800.203.000“.

Во табелата во мерката 2 износот „1.000.000.000“ се заменува со износот „1.000”.

Во мерката 3 износот „70.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

Во мерката 8 износот „200.000.000“ се заменува со износот „220.000.000“.

Во мерката 10 износот „414.103.000“ се заменува со износот „1.541.201.000“.

Во колоната „Вкупно” износот „3.723.103.000“ се заменува со износот „3.800.203.000“.

II

Во делот III во воведната реченица износот „1.000.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

III

Делот IV се менува и гласи:

„Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 1.000 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој.“.

IV

Во делот IX износот „200.000.000“ се заменува со износот „220.000.000“.

V

Во делот XI износот „414.103.000“ се заменува со износот „1.541.201.000“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-1803/1
2 февруари2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.